# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Со 70 годишното искуство, основната дејност на ЈЗУ ЦЈЗ Скопје се спроведува согласно:

- Законот за здравствена заштита
- Законот за заштита на населението од заразни болести
- Програмите донесени од Владата на Република Северна Македонија

Центар за Јавно Здравје - Скопје поттикнува одговорност за заштита на животната средина на сите нивоа на организацијата, преку подигнување на свесноста, посветеноста, знаењето на вработените во однос на начините за заштита на животната средина.

За доследно извршување на поставените цели и високо ниво на квалитет на понудените услуги, Службата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при ЦЈЗ Скопје се обврзува на:

Заштита на животната средина согласно барањата на меѓународните стандарди и ISO 14001:2015.

Грижата за животната средина претставува составен дел од сите одлуки и практики на компанијата. Службата за ДДД е свесна за важноста на здравата животна средина и чувствува одговорност за нејзината заштита.

Клучен приоритет на Службата за ДДД е преземање активности со кои ќе се одбегнат штетни влијанија врз животната средина, со цел таа за да таа биде сочувана за идните генерации.

Согласно дејноста во која делува компанијата, го следи и контролира влијанието на загадувањето на животната средина како резултат на работните активности, и е сведено на минимално ниво. Истовремено, компанијата врши мониторинг на квалитетот на нејзините услуги и ги презема сите активности потребни за да го задржи негативното влијание врз животната средина на најниско можно ниво.

Менаџментот на Центар за Јавно Здравје - Скопје го одржува и унапредува системот за управување со животната средина според стандардот ISO 14001:2015, преку контрола на сите значајни аспекти за заштита на животната средина, поставување цели во однос на заштитата на животната средина, како и преиспитување на резултатите од работењето во поглед на заштитата на животната околина. Главна цел на менаџментот е постојано подобрување на перфомансите на компанијата во однос на животната средина, мерејќи го учинокот на годишно ниво.

**МОТО**

ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

**ВИЗИЈА**

Јавна здравствена установа број 1 во РС Македонија.

**МИСИЈА**

Да се обезбеди одржлив развој во заштитата на животната средина

Директор

Април, 2021

сци.д-р Весим Зеќири